CRPM Center for Research and Policy Making

...policy impact since 2004

ВОДИЧ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА ВО ДОМОТ И УЧИЛИШТЕТО

Project funded by the EUROPEAN UNION

Hedayah

countering violent extremism

CRPM Center for Research and Policy Making

...policy impact since 2004

ВОДИЧ ЗА САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕЦАТА ВО ДОМОТ И УЧИЛИШТЕТО

За издавачот: Центар за истражување и креирање политики

Автор: Александар Цеков

Дизајн: АРМАРИУМ

Тираж: 200

Оваа публикација е изготвена со поддршка од Град Скопје, Хедаја – Центар за извонредност во справување со насилен екстремизам и Европската Унија

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација ги одразуваат мислењата и ставовите на авторите и не ги претставуваат мислењата на донаторите

Project funded by the EUROPEAN UNION

Hedayah
countering violent extremism

СОДРЖИНА

1 Вовед 7

2 Придобивки и негативни страни од користење на интернетот. 8

3 Опасности од користење на интернетот 9

3.1 Однесувањето на децата на интернет 9

3.2 Несоодветна и недоверлива содржина 10

3.3 Остварување на контакт со интернет-насилници и луѓе кои имаат за цел да ги злоупотребат контактите. 11

3.4 Законски и финансиски опасности 11

4 Правилно и одговорно користење на интернетот (идентификување на добри практики) 12

4.1 Информираност и едукација од областа на компјутерите и интернетот. 12

4.2 Поставување на правила за користење на интернетот, компјутерите и паметни уреди 13

4.3 Правила за однесување на децата на интернет . . . 14

5 Домашни договори 16

5.1 Правила за користење на интернетот во училиштата. 18

6 Анекс 1:
Домашен договор за користење на паметни уреди, компјутери и интернет 20

1 ВОВЕД

Во денешно време, со развојот на технологијата и дигиталната револуција, користењето на интернетот започнува уште од најрана возраст. Според податоците со коишто располага Државниот завод за статистика за употребата на интернетот во Северна Македонија, во првото тримесечје од 2018 година, 79.3 % од домаќинствата имале пристап на интернет од дома[1], а најмногу интернетот го употребуваат младите лица на возраст од 15 до 24 години (91,8%). Според една анализа направена од страна на Асоцијацијата за електронска трговија во Македонија[2], интернетот најмногу се користи за социјални мрежи (84%), односно за креирање на кориснички профили, објавување на статуси и коментари на познатите социјални платформи како Фејсбук, Твитер, Инстаграм, Снапчат и други, што ја рангира земјата на четврто место во користење на социјални мрежи, веднаш после Исланд (91%), Малта (87%), Норвешка (84%) и Унгарија (84%). Ваквата распространетост на употребата на интернет освен придобивки, крие и носи и низа потенцијални опасности кои што треба навремено и соодветно да се пресретнат со цел да се избегнат непријатни искуства од користењето на интернетот особено меѓу учениците и младите луѓе.

Понатаму, истражувањата на ниво на Европската Унија говорат дека 1 од 3 интернет корисници е дете[3], а дури половина од децата на возраст помеѓу 11-16 години се среќаваат со еден од најчестите ризици на интернет[4] како што се сајбербулинг,

---

[1] http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

[2] https://kapital.mk/za-shto-go-koristat-internetot-makedonskite-graganishampioni-se-vo-evropa-za-sotsijalni-mrezhi-i-telefonirane-posledni-zaprakane-mejlovi-i-onlajn-bankarstvo/

[3] Според дефиницијата на Конвенцијата за правата на детето на Обединети Нации, дете е секое човечко суштество кое не навршило 18 години од животот, доколку, врз основа на закон за правата на детето, полнолетство не се стекнува порано.

[4] https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/european-education-area/digital-education-action-plan-action-7-cybersecurity-in-education_en

сајбер-предатори, измами, малвери, рибарење (фишинг) итн. Од друга страна пак, истото истражување покажува дека повеќе од половината од испитаниците не знаат како да се справат со опасностите на интернет.

Во таа насока, овој водич има за цел да развие насоки за правилна употреба на интернетот кои ќе бидат читливи и практични за наставниците, родителите и децата за истите да бидат и лесно применливи. Во соработка со училиштата, проектот ќе го размножи водичот до што повеќе ученици и нивните семејства за да се подигне свеста за ризиците на интернет и социјалните мрежи. Водичот нема да се осврнува само на штетните практики и ризици од користење на интернетот и социјалните мрежи, туку и на добри практики и корисни можности кои ги нуди дигиталниот свет. Така, преку овој пристап, сметаме дека се дава чувство дека водичот нема цел да ограничува, туку да ги претстави двете страни на „паричката“ од користењето на интернетот.

Овој водич е развиен во рамки на проектот „Премин кон превенција: употреба на образованието за спречување на сајбер-радикализација помеѓу младите, поддржан од страна на Хедаја – Центарот за извонредност за спречување на насилен екстремизам во рамки на програмата за поддршка на иницијативи од граѓанското општество за спречување на насилен екстремизам во Централна Азија, Западен Балкан и земјите од Блискиот исток, Северна Африка и Јужен Кавказ.

2 ПРИДОБИВКИ И НЕГАТИВНИ СТРАНИ ОД КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТОТ

Интернетот претставува една од придобивките на современиот начин на живеење. Тривијално кажано, интернетот претставува „место“ каде што луѓето генерално, а особено младите, можат да комуницираат и да се поврзат, да разменуваат искуства, да откриваат нови нешта, да наоѓаат информации како и да ја развиваат својата креативност во разни области и на различни

начини. Сепак, и покрај огромните можности што ги нуди, постојат и низа потенцијални опасности што се кријат доколку интернетот не се употребува правилно и со доза на претпазливост. Имено, лесната достапност на содржини на интернет, често се користи за постигнување на разни цели и задоволување на интереси кои не секогаш се чесни и безопасни: остварување на профит, ширење на пропаганда, ширење на лажни вести, мобилизацијата за радикални цели, сајбер-малтретирање и многу други.

Поради ова, а и фактот дека интернетот преку достапноста на повеќе уреди се користи на повеќе места: дома, на училиште, кај другари, потребно е да се развие пристап кој што ќе вклучува повеќе засегнати страни за правилно користење на интернетот, меѓу кои и училишниот кадар, родителите/старателите и учениците, односно младите луѓе. Затоа во продолжение ќе се осврнеме на опасностите кои што ги крие интернетот и неговата употреба, како и на улогата на различните чинители за заштита на младите и учениците од овие опасности.

3 ОПАСНОСТИ ОД КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТОТ

Иако придобивките од користењето на интернетот се огромни, мора да бидеме претпазливи во однос на опасностите кои што демнат во дигиталниот свет. Најчесто, такви опасности можат да се групираат во неколку категории:

3.1 Однесувањето на децата на интернет

Децата може да бидат во ризик поради начинот на кој се однесуваат на интернет, односно преку откривање и споделување на лични информации и податоци кои што подоцна може да се искористат за други цели. Така, мора да се подигне свеста кај децата дека секоја активност на интернет има влијание и врз

нив и врз други луѓе, бидејќи во дигиталниот свет активноста на интернет остава дигитална трага во форма на лични податоци и информации кои што можат да бидат употребени за најразлични цели. Затоа, децата треба да бидат информирани за тоа кој сè може да ги види нивните објави, кои информации не смеат да ги споделуваат на интернет, особено не со непознати лица. Ова е особено важно бидејќи преку можноста за креирање на лажни профили и прикривање на вистинскиот идентитет, децата можат да бидат доведени во заблуда и да откријат лични информации и податоци на непознати луѓе.

3.2 Несоодветна и недоверлива содржина

Поради фактот што не постојат ограничувања на содржините што можат да се објавуваат, постојат одредени содржини коишто не се соодветни за младите луѓе, од аспект на нивната возраст, сфаќања убедувања, а честопати одредени содржини можат да ги повредат и да им нанесат болка. Такви содржи се:

- порнографија и друг сексуален материјал;
- експлицитни фотографии поврзани со насилство, на кои се прикажани тешки телесни повреди и починати лица;
- оружје и насилство;
- прикажување на дрога и други нелегални супстанци;
- неточни и нерелевантни податоци;
- говор на омраза спрема лица, припадници на други етнички, јазични и други групи;
- содржина поврзана со промоција на радикални идеи и убедувања;

3.3 Остварување на контакт со интернет-насилници и луѓе кои имаат за цел да ги злоупотребат контактите

За жал, во дигиталниот свет на интернетот, не секогаш оние што се претставуваат преку своите профили се тие и во вистинскиот живот. Интернетот, преку разни социјални мрежи, овозможува креирање на виртуелни и лажни профили кои што се користат за разни цели. Затоа, треба да се подигне свеста кај младите дека споделувањето информации со виртуелен пријател, кој што не го познаваат во приватниот живот може да носи низа опасности. Понатака, доста распространета појава е и сајбер-насилството, односно насилство преку, и на социјалните мрежи, а цел се најчесто децата. Затоа, неопходно е да се следи нивното однесување и доколку се забележи дека детето е цел на вакво насилство, случајот треба соодветно да се пријави кај надлежните институции (во случајов МВР).

3.4 Законски и финансиски опасности

Како што веќе во повеќе наврати беше споменато, интернетот нуди огромни можности и пристап до огромен број на информации и содржини. Сепак, мора да имаме на ум, дека некои од тие информации и содржини се заштитени или нелегални, па нивното користење може да ги доведе децата до законски прекршоци. Иста е ситуацијата и со финансиските опасности. Имено, некои апликации и содржини содржат скриени трошоци и користењето на истите може да доведе до несакани и непланирани трошоци. Затоа, родителите треба да бидат информирани за користењето на одредени апликации за да можат да се превенираат ваквите појави. Понатаму, треба да се ограничи и употребата на интернет трансакциите, особено на сомнителни интернет страни.

ПРИМЕР 1

Во денешно време, сè позачестена е употребата на лажните профили на социјалните мрежи. Лажните профили користат слики и информации од реални луѓе, наведувајќи не да мислими дека комуницираме со некои наш познат или близок, што потоа може да биде искористено за најразлични цели: изнудување на пари, барање да се изврши одредена работа во интерес на оној што го креирал профилот итн. Неретко, за жал, постојат и профили кои користејќи слики и информации од болни лица, бараат донации.

Користењето на лажни профили е нелегално и најчесто после нивно пријавување истите, во координација со полицијата и социјалната мрежа на која е креиран профилот се бришат.

4 ПРАВИЛНО И ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТОТ (ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ДОБРИ ПРАКТИКИ)

4.1 Информираност и едукација од областа на компјутерите и интернетот

Особено важно е родителите/старателите и наставниците да се информираат за основните поими и концепти при користењето на интернетот и компјутерите. Иако не мора да бидат експерти

во областа, сепак подобра информираност и едукација на засегнатите страни ќе придонесе кон тоа подобро да се разберат проблеми и опасностите со кои се соочуваат децата на интернет и преку разговор да им се помогне при надминување на овие проблеми. Значи, клучно е да се разговора со децата за тоа како го користат интернетот и компјутерите, за да се сфатат нивните потреби и како да ги реализираат истите, избегнувајќи ги притоа опасностите наведени погоре.

4.2 Поставување на правила за користење на интернетот, компјутерите и паметни уреди

Заради поголема безбедност и заштита на децата во дигиталниот свет, неопходно е да се дефинираат и да се постават правила за користење на компјутерите, паметните уреди и интернетот во домот, училиштето и на други места (кај другари, јавни места итн.). Дефинирањето на правилата и нивното поставување треба да се одвива преку процес втемелен на заедничка доверба и почитување кој ќе ги има предвид целите за безбедност од една страна и потребите и интересите на секој од засегнатите страни, од друга страна.

Како насоки за дефинирање и поставување на правила за користење на интернетот, компјутерите и паметните уреди може да се наведат:

- Да се одреди период од денот во кој е дозволено да се користат компјутерот и паметните уреди
- Да се одреди и времетраењето на користењето на интернет на компјутерите и паметните уреди;
- Да се постават и одредени услови кои што ќе овозможат користење на компјутерите и паметните уреди. На пример, после завршување на домашните задачи од училиште, после завршување на домашните обврски итн.
- Поставување на компјутерите на централно и видливо место во домовите

- Да се избегнува користење на паметните уреди без надзор на родителите/старателите или наставниците, за да се следат содржините кои што децата ги посетуваат на интернет
- Да се користат софтверски апликации за филтрирање, надгледување и родителска контрола на содржините на интернет.
  - ✓ На веб страната *https://www.digitaltrends.com/mobile/best-parental-control-apps/* се наведени најдобрите слободни софтверски апликации за андроид и апл каде што има и линкови да се преземат и инсталираат истите.

4.3 Правила за однесување на децата на интернет

За безбедно и правилно користење на интернетот, се препорачуваат следниве насоки за однесување на децата на интернет кои што родителите/старателите и наставниците треба да ги промовираат:

1. **Личните податоци** да не се споделуваат со непознати лица на интернет или пак, да се впишуваат на несигурни и недоверливи веб-страни;

2. На социјалните мрежи да се користат **поставките за приватност**, со што ќе се овозможи контрола на тоа што се објавува од страна на корисникот или од другите корисници за вас (на пр. Може да се контролира „означувањето“ на туѓи фотографии, па така може да се избере соодветна опција за тоа кој сакате да ја види (ознаката);

3. **Лозинките и корисничките имиња** да не се споделуваат јавно, а препорачливо е и да се одбегнува опцијата за автоматско помнењето на лозинките и корисничките имиња на компјутер или пребарувач;

4. Да се биде претпазлив/а доколку некој од вашите пријатели од социјалните мрежи кои не ги познавате лично, предложат **средба во живо**. Во тој случај, треба да се известат родителите/старателите и по можност да не се оди сам на средба, туку во придружба на некое повозрасно лице и тоа на јавно место (плоштад, улица, кафе бар итн);

5. Да не се користи интернетот и социјалните мрежи за испраќање на непристојна содржина на други лица. Сè позачестена негативна појава е **сајбер-насилството** (cyber-bullying) која што може да има многу сериозно негативно влијание врз психичкиот развој и состојба на младите. Постои правило дека не треба да се кажува нешто на интернет или социјален медиум, ако истото не може да се каже в лице. Ова пред се' се однесува на лица кои што на социјалните медиуми се однесуваат доста непристојно додека во живо немаат храброст истите тие работи да ги кажат в лице[5];

6. **Проверка на веродостојноста** на информации на интернет. Слободниот пристап до информации и пристапот до можноста да се споделуваат информации носи и одреден ризик. Имено, постојат лица кои што немарно креираат лажни вести и информации кои што или имаат некаква цел, или пак едноставно сакаат да манипулираат и да шират пропаганда. Затоа, секоја информација треба да се провери од различни извори за да се утврди дали се работи за лажна информација или вест[6].

---

[5] Повеќе информации на оваа тема можат да се најдат на https://servismladi.mk/prasanja_odgovori/anonimno/

[6] Повеќе информации на оваа тема можат да се најдат на https://crithink.mk/ https://www.radiomof.mk stav-kako-da-se-odbranime-od-epidemijata-na-lazhni-vesti/

5 ДОМАШНИ ДОГОВОРИ

Домашните договори претставуваат еден од начините да се дефинираат правилата за користење на компјутерите и паметните уреди на интернет, помеѓу децата/учениците од една страна и родителите/старателите и наставниците од друга страна. Откако договорот ќе биде прифатен од страна на родителите/старателите и децата (преку потпишување на истиот) и заверен од страна на наставниците, препорачливо е истиот да биде истакнат на видно место (на пример, над компјутерот).

Кога станува збор за децата, мора да имаме на ум дека различни возрасни категории имаат различни нивоа на вештини на интернет, различни потреби и преференци при користење на интернетот, па следствено на ова се соочуваат и со различни вид на опасност при користење на интернетот.

Децата под 10 години

Најпрвин, се препорачува користењето на паметните уреди и интернет да започне од што поголема возраст на детето. Ова е особено битно во последно време, бидејќи сè повеќе сме сведоци на тоа уште од најрана возраст на децата да им се дава паметни уреди со цел да им се исполни времето. Наместо тоа, психолозите препорачуваат повеќе време да се посвети на „живите“ социјални игри и игри за развивање на когнитивно-моторички вештини кај децата.

Сепак, кога веќе ќе почнат да користат паметни уреди и интернет, децата треба да бидат под постојан надзор од родителите/старателите во поглед на содржината што ја гледаат бидејќи одредена содржина може да не е прикладна за нив и да ги вознемири.

Кога децата се на школска возраст, пожелно е да се почне со едукација за основните опасности на интернет и за однесувањето на интернет. Постојат и софтвери од едукативен карактер кои што преку игра учат за оваа намена, како на пример [7]https://www.attplans.com/resources/internet-safety-guide/main.html.

[7] Јазикот на софтверот е англиски

Понатаму, задолжително е кога се децата на оваа возраст, родителите да користат и некој од софтверите за контрола, филтрација и надзор на содржините на интернет.

Деца на возраст од 11 до 14 години

На оваа возраст децата се повешти во користењето на интернетот и паметните уреди, па затоа е потребно и малку да се прилагоди пристапот при едукација. Повеќе вешти во користењето, може да значи и поголем пристап до разни содржини и следствено на ова и повеќе опасности. Така, на оваа возраст децата треба да се учат и за споделувањето на лични информации и податоци. И на оваа возраст користењето на софтвер за контрола, филтрација и надзор на содржините на интернет треба да се применува. Исто така, пожелно е да се следат и активностите на интернет за да се видат навиките на децата при користење на интернетот и паметните уреди.

Деца на возраст од 15 до 18 години

На оваа возраст децата, односно веќе тинејџерите, најмногу користат интернет, а најголем дел од нив имаат и профил на некоја од социјалните мрежи (ако не и на повеќето). Ограничувањето на содржините повеќе не треба да биде толку ригорозно како во претходните категории, но сепак некои од правилата треба да се почитуваат. На пример, на оваа возраст купувањето на интернет треба да биде одобрено од страна на родителите/старателите. Понатаму, на оваа возраст најмногу е изразено сајбер насилството, па штом ќе се соочат со навредливи и непристојни пораки, децата треба да ги известат родителите/старателите, а доколку е посериозна содржината да се извести и некој од надлежните органи. Правилата и насоките за споделување на лични податоци и информации од време на време треба да се потсетуваат.

5.1 Правила за користење на интернетот во училиштата

Наставниците имаат доста важна улога во насочување на децата за правилно користење на интернетот кај децата училиштата. Затоа тие треба да се придржуваат до следните насоки:

- Да бидат информирани за моменталните информациско-комуникациски технологии (ИКТ) и текови со цел да можат да ги следат учениците во нивните активности;
- Да ги следат активностите на учениците и да ги запознаат нивните навики, потреби и интереси на интернет;
- Да го пренесуваат знаењата и информациите за ИКТ на родителите на средби, како и да ги запознаат родителите за навиките, потребите и интересите на учениците на интернет;
- Да се развие и применува правилник за употреба на паметни уреди и интернет во училиштето заедно со учениците и родителите кој ќе содржи насоки за
  - ✓ заштита од содржини на интернет
  - ✓ (не) споделување на лични информации и податоци
  - ✓ Однесување на интернет во поглед на заштита од сајбер насилство
  - ✓ Проверка на информации
- Правилникот да се истакне на видливо место и да се запознаат учениците со истиот, како и сите засегнати страни

6 *АНЕКС 1:*

ДОМАШЕН ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАМЕТНИ УРЕДИ, КОМПЈУТЕРИ И ИНТЕРНЕТ

Со овој договор се уредува користењето на паметните уреди, компјутери и интернет во домот на семејството

_____

Правилата наведени во овој договор се однесуваат на членовите на семејството, составено од родители/старатели

_____ и _____

и децата _____ и _____

и _____

Правилата наведените од овој договор се однесуваат и на гостите во домот на семејството при користење на интернетот.

1. Користењето на компјутерот, паметните уреди и интернетот ќе се користат за информирање, учење и комуникација со најдобри намери и на начин на кој што нема да наштетат никому

2. Користењето на компјутерот, паметните уреди и интернетот ќе се користи во разумен период од денот и во времетраење одредено од страна на родителите

3. Не е дозволено посетување на интернет страни кои што имаат несоодветни, насилни и недолични содржи кои што можат да ги вознемират децата. При наидување на вакви содржи треба да се известат родителите

4. Не е дозволено да се преземаат содржини од интернет и нивно зачувување на компјутер или паметен уред со несоодветни, насилни и недолични содржини. Доколку ова се случи, треба да се известат родителите

5. Да се пријават сите профили кои што децата ги користат на социјалните мрежи на родителите

6. Не е дозволено користење на „тајни“ и лажни профили на социјалните мрежи

7. Да не се споделуваат лични информации и податоци на сомнителни интернет страни или со непознати лица на социјалните медиуми

8. Да се избегнуваат средби во живо со лица од интернет кои што не ги познаваме. Доколку има предлог за таква средба треба да се известат родителите, а доколку има потреба од средбата задолжително да биде во присуства на родител или возрасно лице од доверба и на јавно место.

9. Да не се споделуваат телефонски броеви со непознати лица на интернет и да се одговара на повици од непознати лица. Доколку има таков повик или барање за повик, да се известат родителите

10. Комуникација на интернет или социјални мрежи треба да биде учтива, без користење на навредливи зборови и содржина. Користењето на навредливи зборови и содржина од било кога треба да се пријави кај родителите

11. Не е дозволено преземање и инсталирање на софтверски програми без дозвола на родителите како и нелегална содржина од интернет страни за размена на такви датотеки

12. Придржувањето кон овие правила важи и при користење на интернет и на други места (на гости, интернет кафе, училиште, јавен простор итн.)

13. Непридржувањето до овие правила повлекува санкции[8] и тоа:

    1. _____

    2. _____

    3. _____

ПОТПИСИ НА ДЕЦАТА:

1. _____

2. _____

3. _____

ПОТПИСИ НА РОДИТЕЛИТЕ:

1. _____

2. _____

УЧИЛИШТЕ:

_____

[8] Пример за санкции: одземање на компјутер, паметен уред на одредено време или целосно, забрана за интернет, ограничување на времето за интернет итн., во зависност од тежината на прекршокот